**прикази - полемики - рецензии**

**presentations - arguments - reviews**

## ОТВОРЕНО И ХРАБРО СРЦЕ

*Кирил ТЕМКОВ*

Филозофски факултет
Институт за филозофија

Од многуте сили кај човекот, срцето е најголема тајна. Не станува збор само за мускулот кој ја обликува и раздвижува крвта како основна течност во телото, туку и за центарот на чувствата, во кој се насобираат драматичните доживелици и кој ги поттикнува најблагородните цели и намери на личноста. За материјалноста на срцето се важни бројот на неговите удари и протекот на црвената течност, за неговата емоционална форма се суштествени изливите и силината на љубовта, како етички и поетски супстрат на ова јадро на емоциите. Љубовта не е празен, просто толкувачки збор, таа е најважна страна на живеењето, основа на движењето на личноста и на моралот. Тоа најубаво го искажа големата хуманистка на нашето време Мајка Тереза, која искрено и вознесено порача: „Не можеме да правиме големи дела, но малечките можеме да ги правиме со голема љубов"!

Ваков пристап кон љубовта како основно и најубаво човечко чувство го среќаваме и во поетската збирка „Говор на срцето" на младата авторка Искра Донева, студент по Компаративна и светска книжевност. Родена во Скопје во 1983 година, таа со најдобар успех ја заврши познатата гимназија „Корчагин" и денес со одлични резултати ги завршува студиите на Филолошкиот факултет.

Адреса за кореспонденција:
*Кирил ТЕМКОВ*
Универзитет „Св. Кирил и Методиј"
Филозофски факултет
Институт за филозофија
Бул. Крсте Мисирков бб, 1000 Скопје
Република Македонија

## AN OPEN AND BRAVE HEART

*Kiril TEMKOV*

Faculty of Philosophy
Institute of Philosophy

The heart is the greatest secret of lots of strengths which man possesses. The heart is not only the muscle that shapes and drives blood, as basic liquid, in the body, but it is the center of feelings that absorbs dramatic happenings and stimulates the most noble aims and intentions of a person. The number of heartbeats and flow of the red liquid are important for the heart's material power, but the essential flow and strength of love, as an ethical and poetic substratum of this core of emotions, are important for its emotional form. Love is not an empty, simply interpreted word. It is the most important side of life, a base for personal development and moral values. Mother Theresa, the great humanist of our time, expressed that honestly and extolling in the best way: "We cannot make great deeds, but we can make the small ones with great love"!

Such an approach towards love as a basic and the best human feeling is present in the collection of poetry "The Speech of Heart" by a young poet, Iskra Doneva, a student of Comparative and World literature. She was born in Skopje in 1983, successfully finished the secondary education in the well-known gymnasia "Korchagin" and she is almost at the end of her studies at the Faculty of Philology.

Corresponding Address:
*Kiril TEMKOV*
"Ss. Cyril and Methodius" University
Faculty of Philosophy
Institute of Philosophy
Bull. Krste Misirkov bb, 1000 Skopje
Republic of Macedonia

Искра плени со совршенството на својата личност, со својата култура и интелектуални капацитети, со полнотата на своите чувства, со животната радост, која ја искажува со насмевката и позитивниот пристап, со заинтересираноста за духовните вредности и со своите творечки остварувања, меѓу кои е и збирката „Говор на срцето".

За оваа прва збирка на Искра Донева (издание на Примак-ко во 2000 година) пофални рецензии напишаа нашите најпознати автори - професорот д-р Александар Спасов и академикот - поет Анте Поповски. Во збирката се објавени младешките поетски дела на Донева. Но, и во нив се јасно назначени и искажани основните лични, естетски и етички ориентации на оваа млада авторка. Уште како дете објавувала стихови во детски списанија. Првата песна ја напишала веднаш откако ги научила буквите и го разбрала значењето на писмената порака. Има наслов „Мојата мајка". Грешат оние кои мислат дека малечките суштества не ги знаат проблемите и не можат да ги изразат своите мисли. Напротив, веќе од најраното доба се олицетворуваат карактерот и основните животни и етички сознанија на личноста. Во оваа стихотворба малечката Искра искрено зборува за основните вредности на човекот - добрината и храброста, што за нејзините патила ги покажува нејзината мајка: „Мајчице мила, мајчице драга - колку си добра, толку си храбра. Твојата храброст, твојата сила - ме водат напред во победа мила. Се грижиш за мене, со маките мои - насмевка со сила на твојот лик стои. Твојата храброст, сила и мака - ветувам мајко со успех ги враќам. Ти подарувам мајко букет од рози - да не ги гледам твоите солзи."

Својата својствена храброст и позитивна ориентација Искра Донева ги претставува веќе во ова прво дело на својот дух. Тоа е изразено и во мотото на збирката, за што е одбрана познатата мисла на дефектологијата: *Среќата е единственото нешто кое се умножува кога се дели!*

She attracts with perfection of her personality, with her culture and intellectual capacity, with her strong feelings, with life joy expressed by her smile and positive approach, her interest in spiritual values and her creative work, among which is the collection of poetry "The Speech of Heart".

Iskra Doneva's first collection of poetry "The Speech of Heart" (published in 2000) received excellent reviews by our well-known authors Prof. Dr. Aleksandar Spasov and the academician and poet Ante Popovski. It is a collection of Miss Doneva's youth poems. They characterized and express the personal, aesthetic and ethical orientation of the young author. Her first verses, when she was a child, were published in children's magazines. Actually, she wrote first poems when she learnt the alphabet and understood the meaning of the written massage. It was called "My mother". One can make a mistake if one thinks that small children are not aware of problems and cannot express their thoughts. On the contrary, the character and basic life and ethic knowledge of a person are created at the earliest age. In this poem the young girl Iskra talks sincerely about human values – kindness, generosity and courage her mother shows towards her: "Mummy dear, mummy dear – how good you are, how courageous. Your courage, your strength leads me forward towards victory dear. You look after me, with all my problems – a smile on your face still exists. Your courage, power and worry – I'll make it up to you one day with my success, I promise mother. A bouquet of roses is a gift to you mother-only not to see your tears".

Iskra Doneva presents her courage and positive orientation even in her first work of her spirit. It is expressed in the motto of the collection of poems with the well-known thought of Special education and rehabilitation: *Luck is the only thing that multiplies when it is divided!*

Збирката во која се говори за срцето, Искра со благодарност им ја посветува на сите они кои ме дарувавте со многу љубов и нежност, што воедно ми послужија како инспирација за нејзиното раѓање, а со која ги правам првите сигурни чекори во светот на поезијата.

Така, Искра Донева ги поврзува емоционалните, животните и творечките сили и определби. Во вториот дел на збирката таа говори за најважниот персонален емоционален настан на секоја личност - за првата љубов. Овие љубовни треперења се посветени на нејзината средба со овој вид чувства, за вознесите и за личните и социјални потреси, кои ги следат првите љубовни чекори на секого. Посветата за овие стихотворби е трогателно јасна: „Некогаш ми рече колку би било убаво некој да ти посвети песна и еве затоа јас, драги мој, од сè срце ти го посветувам секој стих од оваа поезија“. Нас постарите овие песни не враќаат во добата на нашето чувствено разбудување, на младите им ја претставуваат реалноста на најдлабоката лична емоција за блиската личност и им го покажуваат патот како искрено и нежно да љубат.

Во третиот дел од збирката, со поднаслов „Јас и повторно Јас“, Донева се претставува како исклучително зрел творец. Иако млада, нејзиното срце е оцврснато, таа не се крие пред реалноста, отворена е за проблемите и отворено зборува за нив. Тука зборува за птиците, од кои учи што е слободата, како и за луѓето кои ѝ помогнале. Ја покажува својата благородна природа со љубовта кон внукот, со една прекрасна духовита песна во која ги искажува најдобрите желби за личноста и за љубовта на своите најблиски другари, како и со добрите желби за оние кои ѝ се нашле во неволја: „Искрено посакувам, секогаш, каде и да бидете, радост да видите, а и успех да имате“.

Во антологиската песна „Копнеж“ Искра Донева ја опејува реалноста на својата состојба, но и големата човечката моќ на секоја личност.

The collection of poetry in which Iskra speaks about the heart, is devoted with gratitude to “those who give me their love and tenderness, those who inspired me my love to be born, love that has helped me make my first steps in the world of poetry.”

Thus, Iskra Doneva connects emotional, life and creative strengths and commitments. In the second part of the collection she speaks about the most significant personal and emotional event – the first love. This love trembling is devoted to her first experience with this kind of feeling, to the excitements, personal and social shock that love provokes. The massage of these verses is touchingly clear: “Once you told me how nice it is someone to devote you a poem and here am I, my dear, from the depth of my heart I devote every verse of my poetry to you”. These poems make us, elder people, return to the age of our emotional weakening, they make young people see the reality in the deepest personal emotion for the closest person and show them how to love sincerely and tenderly.

In the third part of the collection, with sub-title “I and again I”, Doneva presents herself as an exclusively matured writer. Although young, her heart is strengthened, she does not hide herself before reality; she is aware of the problems and openly talks about them. She talks about birds, learning from them about freedom, about people helping her. She shows her noble nature with love toward her nephew, with a lovely humorous poem expressing her best wishes and love for her closest family and friends, with best wishes for people helping her when having troubles: “I sincerely wish you, always, and wherever you are, may happiness and success follow you.”

In the anthology poem “Desire” Iskra Doneva talks about reality of her condition, but also about the great human power of any person.

Никој не треба да се предава и да ја наведне свеста пред страдањата, туку да се воздигне над ситуацијата и да го пронајде својот животен пат: „И ти вредиш нешто, иако си инвалид - затоа не давај никој да ти ги скрши самодовербата и надежта што ги имаш во себе, затоа што тие е основоположници на твојот живот. Биди храбар и бори се докрај, само со тоа ќе докажеш дека си еднаков со другите и во ништо не се разликуваш од нив".

Младата авторка Искра Донева оди натаму. Таа станува стручњак за светската литература, пред неа се уште многу дела со кои ќе ја збогати нашата култура и, најверојатно, наука. Таа има талент, префинет вкус, изградени уметнички критериуми, свое животно искуство, кое е двојно во однос на своите врсници. Сето тоа се големи потенцијали за нејзината творечка иднина, која ја навести со својата првата стихозбирка. Од првите нејзини дела проблкнува најголемиот квалитет на нејзината поезија - нејзиното отворено и храбро срце, со чија инспирација и сила се настанати нејзините први поетски творби.

No one should give up and bend down one's head before sufferings, but every one should raise oneself above the situation and find one's life path: "And you are worth something, although you are disabled – therefore do not let anybody damage self-confidence and hope you possess, because they are essential for your life. Be brave and fight till the end, only thus you can show that you are equal with others and you do not differ from them."

The young author goes further. She becomes an expert in world literature; she has many works before her that will enrich our culture and probably our science. She has a talent, a refined taste, built up artistic criteria indicated in her first collection of poetry. The greatest quality of her poetry arises even from her first works – her open and courageous heart, with which inspiration and strength she created her first poems.

*Искра ДОНЕВА*

КОПНЕЖ

Ти што седиш на клупата во паркот,
не биди замислен и тажен,
не биди тажен само затоа што
сите те гледаат како да си некое
светско чудо и те исмеваат.

*Iskra DONEVA*

DESIRE

You, sitting on a bench in the park,
Do not be thoughtful and sad,
Do not be sad because
Everybody looks at you as you were
A world miracle or laughs at you.

Остави ги, тие не знаат како е,
како е да бидеш како птица затворена
в кафез, која тажно пее и надежно
копнее по својата слобода.

Не тагувај, можеби и меѓу нив
има некој што те разбира и ќе ја подели
твојата мака со тебе.

И ти вредиш нешто, иако си инвалид,
затоа не давај никој да ти ги скрши
самодовербата и надежта што ги имаш во себе,
затоа што тие се основоположници
на твојот живот.

Биди храбар и бори се докрај,
само со тоа ќе докажеш дека си еднаков
со другите и во ништо не се разликуваш од нив.

Којзнае, можеби еден ден и тебе ќе ти се
насмее среќата и ќе те облее со грст топлина,
можеби ќе се ослободиш од цврстите пранги
на ѓаволот и злото,
и ќе ја видиш светлината на животот
По која цел живот толку копнееш.

Не губи надеж, зашто таа трпеливо те очекува,
а кога ќе ја добиеш никој не ќе може
Да ти ја одземе.

Leave it! They do not know how it is,
How it is to be as a bird closed
In a cage, singing sadly and hopefully
And desire freedom.

Do not be sad, maybe among them
There is someone who understands you,
One can share with you your troubles.

And you are worth something, although you are disabled
Therefore do not let anybody damage
Your self-confidence and hope you possess,
They are essential for your life.

Be brave and fight till the end,
Only thus you can show that you are equal
With others and you do not differ from them.

Who knows, maybe one day you will be in luck
And you will be flooded with warmth,
Maybe you will release yourself from
The firm chains of the devil and the evil,
And you will see the light of life
You desire for all your life.

Do not lose hope, because it patiently waits for you,
And when you get it
No one can take it from you.

Заборави ги мислите што те мачат и ти создаваат

само болка и рани кои бескрајно те печат,

затоа остави го и заборави го твоето

болно минато,

моли се на Семоќниот Господ Бог и надевај се дека Тој ќе ги чуе твоите молби и ќе ти помогне.

Затоа биди храбар, избриши ги солзите и речи си:

МОРАМ ДА ПОИТАМ, МЕНЕ МЕ ЧЕКААТ СРЕЌАТА И СВЕТЛИНАТА НА ЖИВОТОТ!

Forget the thoughts that torture you

And cause pains and wounds that hurt endlessly,

Therefore leave and forget your

Painful past,

Pray to All-mighty God and hope that

He will hear you prayers and help you.

Be brave wipe your tears and say:

I MUST HURRY UP, LUCK AND LIGHT OF LIFE WAIT FOR ME.